Европска Унија

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

НВО ИНФОЦЕНТАР

BIRN
BALKAN INVESTIGATIVE REPORTING NETWORK | MACEDONIA

**Истражувачко новинарство за поттикнување реформи** | Проектот е финансиран од Европската Унија

# ПОДДРШКА НА ИСТРАЖУВАЧКОТО НОВИНАРСТВО ЗА ОДГОВОРНО ВЛАДЕЕЊЕ

## СИТУАЦИЈА:

Медиумите во земјата денес не успеваат да ја играат суштинска вочдог улога односно да ги откриваат и анализираат прашањата од јавен интерес и да бараат одговорност од носителите на власта. Во услови на влошување на ситуацијата во медиумите во комбинација со недоволен новинарски кадар и ограничени ресурси, постои значителен недостиг на истражувачко известување како една од најмоќните алатки за барање одговорност од властите.

## ЦЕЛ:

Со проектот ќе се создаде јадро на добро обучени истражувачки новинари, како и мрежа од локални граѓански организации од земјата кои преку нивната работа и во соработка со новинарите ќе придонесат кон подобрување на истражувачкото новинарско известување и кон подобро информирана јавност.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

Поквалитетно и покредибилно истражувачко новинарство преку унапредување на знаењата, вештините и алатките за истражување на новинарите за продлабочено известување, засновано врз факти; изградено оперативно и ефикасно партнерство меѓу граѓанските организации и медиумите за поголема достапност на информации засновани врз темелно и конзистентно истражувачко новинарство; креирани десетици бази на отворени податоци од страна на граѓански организации за поддршка на нивните активности и за создавање ресурси за истражувачко новинарство; подобро и посуштински информирани граѓани за прашања од важност при носењето одлуки.

## АКТИВНОСТИ:

Серија од медиумски мониторинзи за проценка на квалитетот и квантитетот на истражувачкото новинарство што ќе послужат како основа за прилагодување на тренинг програмите и на работилниците кон реалните потреби; серија на интензивни тренинг програми за истражувачко новинарство со фокус на доброто владеење; редовно менторирање и подучување на истражувачките новинари; учество на најдобрите истражувачки новинари на регионални конференции и школи за стекнување продлабочени знаења, споделување искуства и вмрежување; јавни дебати за улогата на истражувачкото новинарство; доделување грантови, обуки и менторирање на локални граѓански организации во подготовка на бази на отворени податоци за важни општествени прашања на локално ниво; подготовка на дополнителни бази на отворени податоци за важни општествени процеси и прашања на национално ниво; серија работилници за поголема соработката на новинарите и граѓанските организации во интерес на истражувачкото новинарство; воспоставување на јадро на граѓански организации и новинари кои ќе се залагаат за поголема транспарентност, отчетност и одговорност на властите.

Проектот го спроведуваат Центарот за граѓански комуникации, Балканската истражувачка репортерска мрежа и НВО Инфоцентарот во периодот од февруари 2016 год. до јануари 2019 год.

Контакт информации:
center@ccc.org.mk, тел: +389 (2) 3213 513, бул.Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје

Оваа информација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на информацијата е единствена одговорност на ЦГК, НВО Инфоцентар и БИРН и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.